Република Северна Македонија
**Државен просветен инспекторат**

[redacted]

**Даночен број: 4028004139891**
**ЕМБС: 5895138**
**Жиро с-ка: 160016005460310**
**Депонент: Народна Банка на РМ**
**Е маил: international@unite.edu.mk**
**Тел/факс: 044/ 356-500**

Република Северна Македонија

Државен просветен инспекторат

Бр. 09 - 1637

11.06. 2019 год.

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. (02) 3140 103
Е-пошта: dpi@mon.gov.mk
Веб страна: www.dpi.mon.gov.mk

# З А П И С Н И К
## Од извршениот вонреден инспекциски надзор на Универзитет во Тетово, извршен на ден 06.06.2019 година

Инспекцискиот надзор се изврши врз основа на член 2 став 2 и член 9 точка 18 и член 21 од Законот за просветната инспекција (Сл. Весник на РМ бр.52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18), член 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175, 176 и член 206 став 3 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018), како и по задолжението на Директорот на Државниот просветен инспекторат заведен под бр.09-468/1 од 05.06.2019 година, а во однос на утврдување на целокупната постапка за избор во наставно – научни звања на д-р Сафет Емрули на Универзитетот во Тетово.

**Инспекцискиот надзор го извршија:**
1. **Африм Саљиу** – Раководител на сектор за инспекциски надзор – Главен инспектор,
2. **Христина Јовановска** – Советник -Државен просветен инспектор,
3. **Даниела Кировска** – Советник - Државен просветен инспектор.

**Инспекцискиот надзор се изврши во присуство на:**
1. **Адем Беадини** – Генерален секретар на универзитетот,
2. **Флоријан Месими** - референт.

## К О Н С Т А Т И Р А Н А   С О С Т О Ј Б А

На Универзитетот во Тетово, се изврши надзор над спроведените постапки за избор на наставно-научно звање, во периодот за последните пет години сметајќи од денот на извршениот надзор согласно член 206 став 3 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018), а во кое се наведува: „Државниот просветен инспекторат може да врши надзор над законитоста на постапките за избор во наставни, наставно-научни и соработнички звања и над исполнетоста на условите за избор во звање и да покрене постапка пред надлежен суд најдоцна во рок од 5 години од денот кога е извршен изборот“.

По разгледување на целокупната документација и извршениот службен разговор со одговорните лица на Универзитетот во Тетово, Раководителот на сектор за инспекциски надзор – главен инспектор и Советниците Државни просветни инспектори при Државниот просветен инспекторат ја утврдија следната состојба во спроведените постапки за избор во наставно-научни звања и тоа кај лицето:

**<u>Д-р Сафет Емрули</u>**

- Врз основа на член 45 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ бр.64/00 и 49/03) и член 3 од Законот за основање на Државен Универзитет во Тетово („Службен весник на РМ“ бр.8/04), Матичната комисија за вршење подготовки за почеток со работа на Државниот Универзитет во Тетово, на седница одржана на ден 17.07.2004 година има донесено Одлука бр.23-2085/171 од 24.08.2004 година со која кандидатот Сафет Емрули се избира во соработничко звање **помлад асистент** од научната област Право за предметот Увод во право, на ДУТ – Тетово.

- Врз основа на член 151 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ“ бр.62/05) и писменото Барање бр.02-6256/1 од 01.09.2008 година на м-р Сафет Емрули, асистент на Државниот убиверзитет во Тетово, Ректорот на Универзитетот има донесено Решение бр. 02-6274/1 од 01.09.2008 година, за мирување на Договорот за вработување поради именување на м-р Сафет Емрули, за директор на Државниот завод за индустриска сопственост, со ова решение работниот однос на именуваниот му мирува почнувајќи од 13.08.2008 година до завршување на мандатот за директор.

- Врз основа на член 132 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ бр.35/08), член 97, 168 и 258 од Статутот на Државниот Универзитет во Тетово, како и член 43, 44, 45 и 46 од Единствевните критериуми за избор во наставно – научни, наставни и наставно-стручни и соработнички звања, Сенатот на Државниот Универзитет во Тетово, на седницата одржана на ден 22.03.2010 година има донесено Одлука бр.02-1752/1 од 19.04.2010 година со која м-р сц. Сафет Емрули се избира во соработничко звање **асистент** по предметите: Вовед во правото и Административно право, на Правен Факултет при Државниот Универзитет во Тетово;

- Владата на Република Македонија, на својата седница одржана на ден 21.08.2012 година има донесено Решение бр. 23-6434/1 од 21.08.2012 година, со кое за директор на Државниот завод за индустриска сопственост го именува Сафет Емрули, досегашен директор на Заводот, поради што работниот однос на именуваниот продолжува да му мирува со претходно донесеното Решение бр. 02-6274/1 од 01.09.2008 година, се до завршување на мандатот за директор.

[redacted]

- Врз основа на член 132 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 162/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12), Статутот на Државниот Универзитет во Тетово, како и Правилникот за посебните услови за избор во наставно–научни, наставни, наставно-стручни и на соработнички звања, Ректорската управа на Државниот Универзитет во Тетово, на седницата одржана на ден 24.12.2013 година има донесено Одлука бр.04-7617/1 од 24.12.2013 година со која д-р Сафет Емрули се избира во наставно-научно звање **<u>доцент</u>** за предметите Политички систем, Финансиско право на Правен Факултет при Државниот Универзитет во Тетово.

- Врз основа на Одлука за ангажирање на наставници, асистенти и соработници во определено работно време на Државниот Универзитет во Тетово бр.--------, и Правилникот за уредување и исплата на плати и надоместоци од плати како и други надоместоци во редовен и договорен работен однос на Државниот Универзитет во Тетово, Ректоратот на ДУТ од една страна, како нарачател на работите и **Сафет Емрули** со ЕМБ. 2408977470001 со живеалиште во с. Долно Палчиште, Тетово, Р Македонија, од друга страна, како извршител на работите, застапуван од Македонската Авторска Агенција – ДОО – Скопје, на ден 01.02.2015 година склучиле Договор за интелектуални услуги бр.04-538/1 од 01.02.2015 година, предмет на овој договор е изведување на настава, испити, вежби, како и други интелектуални услуги по предметната дисциплина Политички систем на Правен Факултет, во текот на летен семестар на академската 2014/2015 година. Во членот 3 од договорот за извршената услуга во местото за исплатен надоместок, како авторски хонорар нема податок, односно истото е празно (------).

- Врз основа на членовите 173, 175 и 217 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ бр.82/18); членот 144 од Статутот на Државниот Универзитет во Тетово бр.02-8909/1 од21.10.2008 година и 02-3044/2 од 16.09.2015 година; како и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно–научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанти на Универзитет во Тетово, бр.02-3702/1 од 12.06.2014 година; Ректорската управа на Универзитетот во Тетово, на седница одржана на ден 28.09.2018 година има донесено Одлука бр.04-4055/1 од 04.10.2018 година со која доцент д-р Сафет Емрули се избира во наставно - научното звање **<u>вонреден професор</u>** за наставните предмети: Политички систем, Финансиско право, на Правен Факултет при Универзитетот во Тетово.

- Во согласност со член 174 став 8 и 9 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ бр.82/18), Одлука за ангажирање афирмирани научници, уметници и стручњаци, како и Прегледот за ангажираните лица,

[redacted]

1. Универзитетот во Тетово, застапуван од Ректорот на Универзитетот од една страна,и
2. Сафет Емрули со живеалиште во с. Долно Палчиште, Тетово, Р Македонија, со ЕМБ 2408977470001од друга страна, на ден 01.10.2018 година, склучиле Договр бр.04-313/1 од 01.10.2018 година, за уредување на меѓусебните права и обврски во изведување настава по предметите Политички систем, Финансиско право на Правен Факултет, во текот на зимски и летен семестар од академската 2018/2019 година. Во член 3 од договорот стои дека: „извршителот е согласен дека ќе ги извршува обврските на овој договор, додека му мирува работниот однос, без финансиски надоместок".

- ❖ Врз основа на член 174 став 1 член 175 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр.82/18), член 13, 14 и 28 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр.167/15 и 27/16), член 259 став 1 и 2 од Статутот на Универзитетот во Тетово бр.02-3044/2 од 16.09.2015 година; Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно–научни, наставнии соработнички звања бр.02-3702/1 од 12.06.2014 година; Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот во Тетово, бр.02-2178/2 од 29.06.2016 година; Правилникот за утврдување и исплата на плати и надоместоците од плати бр.02-2327/1 од 29.05.2018 година; Правилникот за утврдување на принципите за уредување на работните односи и на работните обврски на наставниците и на соработниците на Универзитетот во Тетово; како и Одлуката на Ректорската управа за избор во наставно-научно звање вонреден професор бр.04-4055/1 од 04.10.2018 година

1. Универзитетот во Тетово, застапуван од Ректорот на Универзитетот – проф. Д-р Вулнет Амети и
2. Сафет Емрули со живеалиште во Тетово, на ден 04.10.2018 година, склучиле Договр за вработување бр.04-4055/2 од 04.10.2018 година, со кој наставникот Сафет Емрули засновал работен однос со полно работно време на работно место вонреден професор на Правен Факултет за време од 5 години.

При проверка на персоналното досие на д-р Сафет Емрули најдени се документи за завршено соодветно високо образование и тоа:

- Диплома бр. 0908-602/04 од 04.03.2005 година, за завршени додипломски студии (VII/1), дипломиран правник на Правен Факултет при Државниот Универзитет во Тетово.
- Диплома од 2007 година, за завршени постдипломски магистерски студии, магистар по правни науки на правен Факултет при Универзитет во Тирана, Република Албанија. За истата диплома поседува Одлука бр. 09-2232/2 од 17.03.2008 година за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, за стекнат академски степен магистер по правни науки, издадена од Министерство за образование и наука на Република Македонија.

[redacted]

- Диплома бр. 639 од 25.06.2013 година за завршени докторски студии, доктор по правни науки од областа на јавно право на Универзитет во Тирана, Република Албанија. За истата диплома поседува Решение бр.14-10096/2 од 21.11.2013 година за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, издадена од Министерство за образование и наука на Република Македонија.

Од напред наведеното се констатира следното:

Во членот 135 став 3 од претходниот Закон за високо образование (Сл.Весник на РМ бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), се наведува: „Времето за распишување на конкурсот од ставот 1 на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од шест месеца, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон.“

Во член 133 став 14 од претходниот Закон за високо образование (Сл.Весник на РМ бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), се наведува: „Лице избрано во наставно-научно звање или соработничко звање на кое му мирува работниот однос поради вршење на функција на избрано или именувано лице, може да изведува настава и да спроведува испити во деновите петок, сабота и недела, не може да биде ментор или член на комисија за оценка или одбрана на магистерски труд и докторска дисертација и не може да прима надоместок од високообразовната установа за извршена наставна, научно истражувачка или применувачка дејност, освен членовите на Одборот од став 2 на член 70 од овој закон кои професионално ја извршуваат својата функција во Одборот “.

Наведениот закон е вон сила од 08.05.2018 година кога е донесен новиот Закон за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018) каде во член 174 став 8 се наведува: „При мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест.“

Во член 174 став 9 од истиот закон се наведува: „Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно или наставно звање, на кое му мирува работниот однос, има право да држи предавања и да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната дејност.“

Во член 166 став 1 алинеја 1 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018) се наведува: „Во наставно-научно звање доцент, може да биде избрано лице кое има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,....“.

Во член 166 став 2 алинеја 1 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018) се наведува: Во наставно-научно звање

вонреден професор, може да избрано лице кое има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,...“.

Во член 166 став 3 алинеја 1 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018) се наведува: „Во наставно-научно звање редовен професор, може да биде избрано лице кое: 1. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,...“.

Во член 166 став 5 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018) се наведува: „На лицата кои имаат засновано работен однос како доцент, вонреден професор, асистент, асистент докторанд или помлад асистент на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на овој закон, нема да се применуваат одредбите од ставот (2) алинеја 1. и ставот (3) алинеја 1. при нивниот избор во исто или повисоко наставно-научно звање без оглед на која високообразовна установа се врши новиот избор.

Со оглед на тоа дека на денот на извршениот вонреден инспекциски надзор не е веќе во сила претходниот Закон за високо образование (Сл.Весник на РМ бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), поради што не може да се применуват одредбите од тој закон кој е вон сила, така да инспекцискиот надзор се изврши врз основа на постоечкиот Закон за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018) кој е во сила, при што согледани се и одредбите од претходниот закон за високо образование, но земени се во предвид и примената на одредбите од новиот Закон за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018).

Од страна на Универзитетот во Тетово доставен е писмен допис бр.02-1531/1 од 03.05.2019 година до Државниот просветен инспекторат и истиот е заведен на ден 08.05.2019 година, во кое покрај другото се наведува: „Кадровската екипираност на Универзитетот во Тетово е на незавидно ниво, при што високообразовната дејност се остварува со лица кои се ангажираат од други високообразовни установи. Меѓутоа, поради ограничени финансиски ресурси и поради законските ограничувања за ангажирање наставно-научен кадар од други високообразовни установи со согласности од сенатите на универзитетите, се стеснува можноста за покривање на наставно-образовниот процес врз основа на нотираната основа“.

Понатаму во писмениот допис на Универзитетот во Тетово се наведува: „Состојбата на дефицит на наставно-научен и соработнички кадар е констатирана и од Државниот завод за ревизија, во извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2017 година, каде што во препораките е нотирано дека треба да бидат преземени мерки од страна на ресорните министерства во екипирање на кадарот на Универзитетот во Тетово. Следствено на тоа, Универзитетот

во Тетово, со цел непречено остварување на наставно-образовната дејност изнаоѓа солуции за покриеност на наставата првенствено со постојниот наставно-научен и соработнички кадар во редовен работен однос".

Од напред наведеното, Раководителот на сектор за инспекциски надзор – главен инспектор и Советниците Државни просветни инспектори при Државниот просветен инспекторат заклучуваат дека ангажирањето во настава и спроведувањето на испити на високообразовната установа Универзитет во Тетово на лицето д-р Сафет Емрули во периодот кога бил именуван функционер во орган на Државната управа е спроведено согласно член 133 став 14 од претходниот Закон за високо образование (Сл.Весник на РМ бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), кој што бил во сила до периодот 08.05.2018 година и каде се наведува: „Лице избрано во наставно-научно звање или соработничко звање на кое му мирува работниот однос поради вршење на функција на избрано или именувано лице, може да изведува настава и да спроведува испити во деновите петок, сабота и недела, не може да биде ментор или член на комисија за оценка или одбрана на магистерски труд и докторска дисертација и не може да прима надоместок од високообразовната установа за извршена наставна, научно истражувачка или применувачка дејност, освен членовите на Одборот од став 2 на член 70 од овој закон кои професионално ја извршуваат својата функција во Одборот ".

Наведениот закон е вон сила од 08.05.2018 година кога е донесен нов Закон за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018) и истиот е во примена и сила, каде се потврдува ангажирањето на лицата чии работен однос е во мирување. Тоа е предвидено во член 174 став 8 од новиот Закон за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018) во кое се наведува: „При мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест."

Истото е предвидено и во член 174 став 9 од истиот закон во кое се наведува: „Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно или наставно звање, на кое му мирува работниот однос, има право да држи предавања и да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната дејност."

На напред наведеното лице му бил ставен во мирување работниот однос на високообразовната установа Универзитет во Тетово, но не и наставно-образовниот ангажман за кој што биле склучени посебни договори за интелектуални услуги и за кои според документацијата не примал паричен надоместок за дадената услуга и неговото ангажирање било согласно член 133 став 14 од претходниот Закон за високо образование (Сл.Весник на РМ бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), кој е вон сила, како и врз основа

на член 174 став 8 и 9 од новиот Закон за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018), кој што е во сила и примена.

Изборот во повисоко наставно-научно звање на напред наведеното лице е спроведено врз основа на неговиот наставно-образовен ангажман согласно напред наведеното, иако во член 135 став 3 од претходниот Закон за високо образование (Сл.Весник на РМ бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), се наведува: „Времето за распишување на конкурсот од ставот 1 на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од шест месеца, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон."

При извршениот инспекциски надзор се зема во предвид и тоа дека членот 135 став 3 од претходниот Закон за високо образование (Сл.Весник на РМ бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16) не е веќе во примена и е вон сила, додека во член 176 став 3 од новиот Закон за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018), кој што е во сила и примена се наведува: „Времето за распишување на конкурсот од ставот (1) на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи."

При извршениот инспекциски надзор и разгледување на целокупната документација согледани се сите околности и услови под кои е спроведена постапката за избор во повисоко наставно-научни звања на напред наведеното лице и земен е во предвид јавниот интерес и интересот на избраниот кандидат, разгледана е и законската регулатива која што била во сила во моментот на извршениот избор, но со констатација дека истиот на денот на извршениот инспекциски надзор бил вон сила и примена, како и законската регулатива која што е во примена и сила на денот на извршениот инспекциски надзор, а во склад со член 206 став 3 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018), а во кое се наведува: „Државниот просветен инспекторат може да врши надзор над законитоста на постапките за избор во наставни, наставно-научни и соработнички звања и над исполнетоста на условите за избор во звање и да покрене постапка пред надлежен суд најдоцна во рок од 5 години од денот кога е извршен изборот".

Согласно горенаведеното и законските услови нема забелешки за спроведената постапка.

x

Записникот е составен во просториите на Државниот просветен инспекторат по разгледување и обработка на целокупната документација која што беше побарана и доставена на увид на денот на надзорот.

Раководител на сектор за
инспекциски надзор
Главен инспектор
Африм Саљиу

Советник
Државен просветен инспектор
Христина Јовановска

Советник
Државен просветен инспектор
Даниела Кировска

Доставено до:
- ДПИ,
- Универзитет во Тетово - Тетово,
- Архива.